РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 04 - 10140/1
13.12 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, Државниот секретар донесе

# ОДЛУКА

## за невршење избор на 1 (еден) извршител – по пат на интерен оглас 01/2023

**1.** За извршител на работното место Советник за Сметководствено работење, Сектор за финансиски прашања, одделение за буџетска координација, сметководство и плаќања - (1) извршител, категорија В, ниво В01, шифра на работно место УПР0101В01000, во Министерството за здравство по пат на интерен оглас 01/2023 од 22.11.2023 година НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.

## Образложение

По објавениот на интерениот оглас број 01/2023 од 24.11.2023 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на Државниот секретар со Решение со број 17-9556/6 од 11.12.2023 година во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник број 17-9556/7 од 12.12.2023 година и спроведување на интервју за административните службеници записник број 17-9556/11 од 12.12.2023 година.

После дадената изјава 17-9556/16 од 13.12.2023 година на кандидатот дека се откажува од интерниот оглас, Државниот секретар одлучи да не се врши избор на кандидат бидејќи немаше други кандидати пријавени за тоа работно место.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на институцијата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**

**Д-р Јусуф Хасани**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË - СКОПЈЕ - SHKUP

**Доставено до:**
- Сектор за уп. со човечки ресурси
- Архива

Подготвил: Мајлинд Мустафа
Одобрил: Фатон Даути

CamScanner